**20212223716**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 53 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, КАКО И УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО И СЕМЕЈСТВОТО ЗА ПРАВАТА ДЕТСКИ ДОДАТОК, РОДИТЕЛСКИ ДОДАТОК ЗА ДЕТЕ И ДОДАТОК ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Правилникот за поблиските услови и начинот на остварување на правата за заштита на децата, како и утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството и семејството за правата детски додаток, родителски додаток за дете и додаток за образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 109/19, 116/19 и 234/20), во член 4 став (5) во точката 10 зборовите „во висина до 15.000,00 денари“ се бришат.

Член 2

Во член16 став (4) во точката 8 зборовите „во висина до 15.000,00 денари“ се бришат.

Член 3

Во член 24 став (5) во точката 11 зборовите „во висина до 15.000,00 денари“ се бришат.

Член 4

Во член 30 став (3) во точката 11 зборовите „во висина до 15.000,00 денари“ се бришат.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 11-6404/1
Септември 2021 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јагода Шахпаска**, с.р.